# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 11 Ноември 2018 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Илинден**
**Арх.бр.08-2275/6**
**26.11.2018година**

ОИ 04 – Ф 7.5/1-8

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден**

Се објавува Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден, бр.07-2189/3 од 23.11.2018 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 15-тата (петнаесетата) седница одржана на ден 23.11.2018 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-2275/1**
**Од 26.11.2018 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02), член 96 став 2 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на Р.М. бр.15/15, бр.98/15, бр.193/15, бр.226/15, бр.31/16, бр.142/16 и бр.190/16) и член 20 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10), Советот на Општина Илинден ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден.

### Член 2

Наменската употреба на уреденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден соодвествува со класите на намени утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18) и важечките урбанистичките планови и друг вид на урбанистичко планска документација.

### Член 3

Во услови кога не се реализирани објектите на комуналната инфраструктура, согласно степенот на планираната уреденост, а врз основа на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на Р.М. бр.193/16 и бр.72/18), трошоците за уредување на градежното земјиште ќе се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простории во објектот, согласно заверениот основен проект и дополнување на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

| 1. За станбени објекти : | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| станбени простории | 1,0 | 300,00 | 150,00 |
| станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор | 0,2 | 60,00 | 30,00 |
| Лоѓија, затворена од три страни | 0,4 | 120,00 | 60,00 |
| Подлоѓија затворена од од две страни | 0,3 | 90,00 | 45,00 |
| Балкони, тераси | 0,2 | 18,00 | 30,00 |
| Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 | 60,00 | 30,00 |
| Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 | 90,00 | 45,00 |
| Трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 | 90,00 | 45,00 |
| Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 | 90,00 | 45,00 |
| Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 | 150,00 | 75,00 |
| Паркиралишта и гаражи | 0,1 | 30,00 | 15,00 |

| 2.За деловни и јавни објекти : | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| Простории | 1,0 | 2.700,00 | 1.350,00 |
| Магацини | 0,5 | 1.350,00 | 675,00 |
| Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 | 810,00 | 405,00 |
| Трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 | 1.080,00 | 540,00 |
| Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 | 1.350,00 | 675,00 |
| Паркиралишта и гаражи | 0,1 | 270,00 | 135,00 |
| Лоѓија затворена од три страни | 0,5 | 1.350,00 | 675,00 |
| Подлоѓија затворена од две страни | 0,4 | 1.080,00 | 540,00 |
| Балкони, тераси | 0,3 | 810,00 | 405,00 |
| Отворен наткриен простор | 0,3 | 810,00 | 405,00 |

| 3.За други објекти : | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| Катни гаражи | 0,05 | 2.700,00 | 1.350,00 |
| Спортски покриени објекти | 0,5 | 1.350,00 | 675,00 |
| Спортски откриени објекти | 0,3 | 810,00 | 405,00 |
| Гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата | 1,0 | 2.700,00 | 1.350,00 |
| Отворени пазаришта - за 30% од површината на локацијата | 1,0 | 2.700,00 | 675,00 |
| Базени | 0,2 | 540,00 | 270,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трафостаници над 35 Кв | 1,0 | 2.700,00 | 1.350,00 |

| 4.За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси: | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| Г1 тешка и загадувачка индустрија | 0,01 | 27,00 | 13,50 |
| Г2 лесна и незагадувачка индустрија | 0,01 | 27,00 | 13,50 |
| Г3 сервиси | 0,01 | 27,00 | 13,50 |
| Г4 стоваришта | 0,01 | 27,00 | 13,50 |

| 5.За бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории) | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| Продажни простории на бензиските пумпни станици | 1,00 | 2.700,00 | 1.800,00 |
| Услужни простории на бензиските пумпни станици | 1,00 | 2.700,00 | 1.800,00 |

| 6.За објектите од група на класи на намени Б5 - угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А4 - хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом : | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| Сите простории | 0,05 | 180,00 | 90,00 |

| 7.За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| Сите простории | 0,05 | 135,00 | 67,50 |

| 8.За објекти за високо образование | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| Сите простории | 0,50 | 1.350,00 | 675,00 |

| 9.За објекти за култура | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| Сите простории | 0,01 | 27,00 | 13,50 |

| 10.За објекти за терцијална здравствена заштита | | I Зона | II Зона |
|---|---|---|---|
| Сите простории | 0,05 | 135,00 | 67,50 |

Коефициентот 0,01 се однесува само на објектот(тите) од **основната** класа на намена, (Г1, Г2, Г3 и Г4).

Просториите со деловна намена (администрација, канцеларии, сали за состаноци, изложбени и продажни простори, простории за архива, кујни, санитарни јазли, гардероби и други простории во функција на администрација) се пресметуваат со коефициент 1,0.

Останатите простории во групата на класи на намени Г1, Г2, Г3 и Г4, во објектот и надвор од објектот, како што се: магацини, помошни простории, остава за гориво, котлара, трафостаница до 35 Кв, скалишен простор и заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи, лоѓија затворена од три страни, подлоѓија затворена од две страни, балкони, тераси, отворен наткриен простор се пресметуваат со соодветните коефициенти наведени во точка 2 во табелата.

Во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на :

- инсталациони канали
- окната за лифтови
- окна на врати,
- отворени паркиралишта
- подземни резервоари и
- објекти заштитени како културно наследство.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина.

За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите опишани во точка 4 од табелата.

Доколку со изградба на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во Имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти. Површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

**Член 4**

Надоместокот се наплатува по Зони на градежното земјиште зависно од подобностите што одредено земјиште му ги дава на корисникот, место-положбата на земјиштето во населеното место, сообраќајната поврзаност и опременоста на земјиштето со комунални објекти за заедничка комунална потрошувачка.

Зоните се утврдени со следните два опфати :

I Зона ги опфаќа
- планските опфати дефинирани во Урбанистички планови за село, Урбанистички планови вон населено место и друг вид на урбанистичко планска документација и општи акти на подрачјето на КО Илинден, КО Марино, КО Кадино и.
- висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште во I Зона изнесува:
за точка 1 од табелата 300,00 денари, за точка 2,3,4,5,6,7,8,9 и 10 од табелата 2.700,00 денари

II Зона ги опфаќа
- планските опфати дефинирани со Урбанистички планови за село, Урбанистички планови вон населено место и друг вид на урбанистичко планска документација и општи акти на подрачјето на КО Мралино, КО Мршевци, КО Миладиновци, КО Ајватовци, КО Бунарџик, КО Текија, КО Дељадровци, КО Бучинци и КО Бујковци.
- висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште во II Зона изнесува:
за точка 1 од табелата 150,00 денари, за точка 2,3,4,5,6,7,8,9 и 10 од табелата 1.350,00 денари.

**Член 5**

Доколку дојде до изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфра-структура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на Р.М. бр.193/16 и бр.72/18), надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува согласно важечкиот Правилник.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена на посебен дел од објект, станбен објект или дел од станбен објект во простор за вршење на деловна дејност се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.
Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид на простор (админстративно-деловен, производен и објекти од јавен карактер) во станбен простор не се наплатува.
Во постапката по секое поднесено Барање за издавање на Решение за одобрување на измени во текот на изградбата инвеститорот е должен да плати надомест на име трошоци за изработка на Решение за одобрување на измени во тек на изградба и тоа: за станбени објекти во висина од 6.000,00 денари и за деловни објекти без разлика на намената во висина од 30.000,00 денари.
Во постапката по Барање за издавање на Одобрение за градење ЈКП

„ВОДОВОД“ н.Илинден треба да го наплати надоместокот за приклучок на водоводна мрежа и на фекална канализација при давање на позитивно мислење. Висината на надоместокот за приклучок на водоводна мрежа и на фекална канализација е дефинирана со Одлука донесена од страна на Советот на општина Илинден.

**Член 6**

Без платен надоместок за уредување на градежно земјиште Општина Илинден неможе да издаде Одобрение за градење, освен ако не е склучен договор за начинот на плаќање на надоместокот или договор со кој е утврдено дека инвеститорот сам ќе го уреди градежното земјиште.

**Член 7**

Обврската за плаќање од член 6 од оваа одлука не се однесува за лицата кои се стекнале со статус на припдник на безбедносни сили согласно Закон за посебните права на припадниците на безбедосните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства (Сл.весник на Р.М. 2/02, 17/03, 30/04, 66/07).
Припадник за безбедносни сили во смисла на став 1 од од овој член е лице кое се стекнало со статус на бранител согласно согласно Закон за посебните права на припадниците на безбедосните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства (Сл.весник на Р.М. 2/02, 17/03, 30/04, 66/07) кое во моментот на поднесување на барањето е со постојано место на живеење на територијата на општина Илинден.

**Член 8**

Во колку во текот на годината се наложи потреба од измена на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, корекцијата на цената ќе ја изврши Советот на Општина Илинден.

**Член 9**

Започнати постапки за издавање на одобренија за градење ќе продолжат според прописите кои важеле до денот на стапување во сила на оваа Одлука, а спрема законски предвидениот рок за нивно завршување.

**Член 10**

Со денот на примената на оваа Одлука престанува да се примнува и да важи Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден бр.07-649/7 од 25.02.2014 година.

**Член 11**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

**Архивски број:07-2189/3**
**Датум на донесување: 23.11.2018г.**

ОИ 04 – Ф 7.5/1-8

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката За донесување на Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбан Блок 2 од Урбанистички план вон населено место за дел од Стопански комплекс Илинден Урбан блок 1, 2, 3 и 4, Општина Илинден плански период 2016-2026**

Се објавува Одлуката За донесување на Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбан Блок 2 од Урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс Илинден Урбан блок 1, 2, 3 и 4, Општина Илинден плански период 2016-2026, бр.07-2189/4 од 23.11.2018 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 15-тата (петнаесетата) седница одржана на ден 23.11.2018 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-2275/2**
**Од 26.11.2018 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 68/04, 23/06, 127/06, 64/08, 114/09, 83/10,140/10, 152/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14), а во врска со член 39 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16) и Согласност издадена од Министерство за транспорт и врски бр. 24-11326/2 од 12.11.2018 година Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 23.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбан Блок 2 од Урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс Илинден Урбан блок 1, 2, 3 и 4, Општина Илинден плански период 2016-2026**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбан Блок 2 од Урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс Илинден Урбан блок 1, 2, 3 и 4, Општина Илинден, плански период 2016-2026

Член 2

Границата на планскиот опфат се движи по катастарски парцели и осовини на улици и е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 36 и 2 (два) лакови за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и У координати.

| Нај | X | У |
|---|---|---|
| Северна | 7548372.5518 | 4651804.7266 |
| Источна | 7548473.0098 | 4651351.6817 |
| Јужна | 7548457.4634 | 4651027.8947 |
| Западна | 7548285.2942 | 4651066.6134 |

Површината на планскиот опфат изнесува 7.6 хектари.

Член 3

Во рамките на Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбан Блок 2 од Урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс Илинден Урбан блок 1, 2, 3 и 4, Општина Илинден, плански период 2016-2026 година, се предвидуваат зони со класа на намена:

-Б1-мали комерцијални и деловни намени,
-Д1-парковско зеленило,
-Г2-лесна и незагадувачка индустрија,
-Г3-сервиси,
-Е1-комунална супструктура, сообраќајници,
-Е2-трафостаници

Член 4

Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбан Блок 2 од Урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс Илинден Урбан блок 1,2, 3 и 4, Општина Илинден, плански период 2016-2026 година со технички број 39/16 од ноември 2018 година, изработен е од “ГОПЛАН” ДОО Гостивар.

Член 5

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за прифатени и неприфатени забелешки од спроведена јавна анкета и јавна презентација по Урбанистички план вон населено место Урбан Блок 2 од Урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс Илинден Урбан блок 1, 2, 3 и 4, Општина Илинден, плански период 2016-2026 година Предлог план со арх.број 10-219/6 од 06.02.2018 година.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

**Архивски број:07-2189/4**
**Датум на донесување: 23.11.2018г.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на локалните патишта во општина Илинден, за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас, за прекумерно користење на пат, за вонреден превоз и за штета сторена на патот и објектите на патот**

Се објавува Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на локалните патишта во општина Илинден, за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас, за прекумерно користење на пат, за вонреден превоз и за штета сторена на патот и објектите на патот, бр.07-2189/5 од 23.11.2018 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 15-тата (петнаесетата) седница одржана на ден 23.11.2018 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-2275/3**
**Од 26.11.2018 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на РМ " бр.84/08, 52/09 и 114/09,23/11,53/11 и 44/12), член 36 став 1 точки 1 и 15 од Законот за локална самоуправа(("Службен весник на РМ " бр.05/02)Советот на општина Илинден на седницата одржана на 23.11.2018 година донесе:

# О Д Л У К А
## за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на локалните патишта во општина Илинден, за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас, за прекумерно користење на пат, за вонреден превоз и за штета сторена на патот и објектите на патот

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот што се плаќа за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на локалните патишта во општина Илинден, за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас, за прекумерно користење на пат**,** за вонреден превоз и за штета сторена на патот и објектите на патот низ територијата на општина Илинден.

## I. Надоместок за поставување на натписи и рекламни табли

### Член 2

(1) За поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на локалните улици во општина Илинден, се плаќа надоместок, во зависност од видот и големината на натписот и рекламната табла и тоа:

-за големина на натписот ,односно рекламната табла до 1м$^2$**.....**1200,00денари годишно

-за големина на натписот ,односно рекламната табла од 1м$^2$до 3м$^2$....2500,00 денари годишно

-за големина на натписот ,односно рекламната табла од 3м$^2$до 10м$^2$....3600,00 денари годишно

-за големина на натписот ,односно рекламната табла над 10м$^2$....6000,00 денари годишно

(2)Дозвола за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општинските патишта издава Градоначалникот на општина Илинден.

**Член 3**

Доколку натписот или рекламната табла се напојува со електрична енергија од уличното осветлување, мора да се плати потрошената електрична енергија, според формулата $Cg = 365 \cdot t \cdot P \cdot c$, каде што:

Cg – цена на чинење на потрошената ел. енергија за една година;
t – 11 часа (дневно просечно времетраење на осветлување на
натписот или рекламната табла во текот на една година);
P – ангажирана снага за осветлување на натписот или рекламната табла изразено во KW/h;
c – цена на 1 KW/h електрична енергија.

**Член 4**

Обврската за плаќање на надоместокот од член 2 на оваа одлука не ја исклучува обврската за плаќање на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, во висина утврдена во Одлуката за висина на комуналните такси во општина Илинден.

## II. Надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас

**Член 5**

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас изнесува:

-за поставување на инсталации во трупот на патот - 6.000,00 денари;
-за поставување на инсталации во патниот појас во зависност од должината во која се поставува инсталацијата и тоа:

-за должина до 100 метри-15.000,00 денари;
-за должина од 101 до 300 метри-22.000,00 денари;
-за должина над 301 метри - 30.000,00 денари.

## III. Надоместок за прекумерно користење на пат

**Член 6**

(1) За прекумерно користење на јавен пат или негов дел се плаќа надоместок кој се утврдува врз основа на просечниот годишен дневен сообраќај на товарни возила со носивост поголема од 10 тони или на возила кои превезуваат лесно запанливи материи(цистерни), утврден со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат или времено и трајно користење на патот на повеќе од 50 % од сите извршени превози на стока на патот,заради извршување на инвистициони работи или заради вршење на производни и услужни дејности.

(2) Надоместокот за прекумерно користење на општински пат или негов дел во смисла на член 6 став 1 од оваа Одлука изнесува 30000,00денари на денот на плаќање **по возило**.

(3)Утврдениот недоместок од член 6 став 2 се плаќа годишно.

**IV. Надоместок за вонреден превоз**

**Член 7**

Висината на надоместокот за вонреден превоз се утврдува во зависност од пречекорувањето на дозволените димензии на возилото: должина, ширина и висина:

-ако возило, приклучно возило и збир на возила , празно или заедно со товар ја пречекорува дозволената должина се плаќа 300,00 ден./км;
-ако возило, приклучно возило и збир на возила , празно или заедно со товар ја пречекорува дозволената ширина се плаќа 300,00 ден./км;
-ако возило, приклучно возило и збир на возила , празно или заедно со товар ја пречекорува дозволената висина се плаќа 300,00 ден./км.

**Член 8**

(1) Доколку возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената должина, ширина и висина на повеќе места се зема во предвид само најголемата димензија за секое пречекорување.

(2) Надоместокот за пречекорувањето на дозволените димензии се пресметува за секое пречекорување.

**Член 9**

Во случај ако возилото празно или заедно со товарот пречекорува повеќе димензии вкупниот надометок претставува збир на надоместок од секоја поединечно пречекорена димензија и должината на релацијата.

**Член 10**

(1)Доколку возилото само или заедно со приклучното возило ја пречекорува вкупната дозволена маса пропишана со посебен пропис, надометокот се плаќа за секој пречекорен тон :

- од 36,1 до 40 тони - 250,00 ден./км
- од 40,1 до 60 тони - 300,00 ден./км
- од 60,1 до 80 тони - 500,00 ден./км
- над 80,1 тони - 700,00 ден./км

(2) Висината на надоместокот од став 1 на овој член се пресметува така што единечниот износ на надометокот се множи по должината на релацијата и по бројот на тоните кои ја приндеечекоруваат вкупната дозволена маса .

**Член 11**

(1)Висината на надоместокот кој се плаќа за пречекорувања на дозволеното осно оптеретување, во зависност од пречекорувањето изразено во тони изнесува:

- до 1 тон - 30,00 ден./ км
- од 1,1 до 2 тона - 40,00 ден./ км
- од 2,1 до 3 тона - 80,00 ден./ км
- од 3,1 до 4 тона - 90,00 ден./ км
- од 4,1 до 5 тона - 100,00 ден./ км

(2) Висината на надоместокот од став1 на овој член се одредува согласно одредената маршута на движење на возилото како збир на надоместоци пресметани врз основа на дозволеното осно оптеретување на патот.

**Член 12**

Од плаќање на надоместокот по кој било основ од оваа Одлука се ослободени видливо означени возила и машини на: Армија на Република Македонија, Министерство за внатрешни работи, противпожарна служба, Дирекција за заштита и спасување, јавни претпријатија основани од општината.

**V. Надоместок за штета сторена на патот и објектите на патот**

**Член 13**

(1) Надоместокот на штета за направени оштетувања на патот и објектите на патот ја утврдува комисија формирана од Градоначалникот на општина Илинден,врз основа на извршен увид и проценка на сторена штета.

(2)Комисијата е составена од три члена и тоа:еден член од редот на вработените од општинската администрација,еден член од СВР Скопје и еден член од економскиот оператор кој ги одржува локалните улици и патишта.

**Член 14**

Сресtвата прибрани со наплата на надоместокот од членот 1 од оваа Одлука се приход на општината и истите се наменети за изградба,реконструкција,одржување и заштита на општинските улици и патишта

**Член 15**

Со стапување на сила на оваа Одлука престануваат да важат следните одлуки донесени од страна на Советот на општина Илинден со арх.бр.07-1079/3 од 23.06.2009година,07-1671/7 од 08.10.2009година и 07-2577/9 од 17.12.2008година

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Илинден“.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

**Архивски број:07-2189/5**
**Датум на донесување: 23.11.2018г.**

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар - објект на ЈКП„Илинден“, ЈКП „ Водовод“ н.Илинден и Здружение на пензионери Илинден без надомест**

Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижна ствар – објект на ЈКП„Илинден“, ЈКП „ Водовод“ н.Илинден и Здружение на пензионери Илинден без надомест, бр.07-2189/6 од 23.11.2018 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 15-тата (петнаесетата) седница одржана на ден 23.11.2018 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-2275/4**
**Од 26.11.2018 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

ОИ 03 - Ф 7.5/1-12

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02) и член член 20 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Илинден бр.15/10) Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 23.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање на користење на недвижна ствар - објект на ЈКП„Илинден“, ЈКП „ Водовод“ н.Илинден и Здружение на пензионери Илинден без надомест**

**Член 1**

Објектот - зграда изградена на КП бр.2438/29 КО Илинден сопственост на општина Илинден запишана во Имотен лист бр.11241 како објект бр.4, намена на зграда Г2-1, влез 1, кат-приземје со површина од 409м2 се дава на користење на ЈКП„Илинден“ н.Илинден, ЈКП„ Водовод“ н.Илинден и Здружение на пензионери Илинден без надомест.

**Член 2**

Површината на недвижната ствар од член 1 се распределува за користење на: На ЈКП „ Илинден“ н.Илинден една третина на ЈКП „Водовод“ н.Илинден една третина и на Здружение на пензионери “Илинден” една третина.

Просториите се доделуваат за вршење основна дејност и работа на двете општински Јавни Коминални Претпријатија и овозможување на просторни услови за активности и функционирање на Здруженија на пензионерите Илинден.

**Член 3**

Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр.07-1923/4 донесена од советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 28.09.2018година**.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

**Архивски број:07-2189/6**
**Датум на донесување: 23.11.2018г.**

ОИ 04 – Ф 7.5/1-8

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката За формирање на Локален Совет за превенција на Општина Илинден**

Се објавува Одлуката За формирање на Локален Совет за превенција на Општина Илинден, бр.07-2189/7 од 23.11.2018 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 15-тата (петнаесетата) седница одржана на ден 23.11.2018 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-2275/5**
**Од 26.11.2018 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 20 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Илинден (Сл.Гласник бр.15/2010) и член 134 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Илинден (Св.Весник 12/09) на седницата одржана на ден 23.11.2018 година Советот на Општина Илинден ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За формирање на Локален Совет за превенција на Општина Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локален совет за превенција како советодавно и координативно тело заради остваруавање на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

**Член 2**

Целта на Локалниот Совет за превенција на подрачјето на Општина Илинден е изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Илинденк како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите кои влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Локалниот Совет за превенција во Општина Илинден преставува тело кое ќа ја олесни имплементацијата на концептот за полициско работење во локалната заедница.

**Член 3**

Локалниот совет за превенција на подрачјето на Општина Илинден е составен од претставници на локалната и централната власт како и претставници на други владини и невладини организации.

**Член 4**

Со локалниот совет за превенција заседава Градоначалникот на Општина Илинден м-р Жика Стојановски.

**Член 5**

За членови на локалниот Совет за превенција се назначуваат лицата:

- Жика Стојановски –Градоначаник на Општина Илинден;
- Сашо Велковски-Командир на Полициска Станица Гази Баба;
- Дејан Богдановски-Секретар на Општина Илинден;
- Саше Ристовски од одделението за инспекциски надзор,;
- Славица Милошевска од одделението за локален економски развој, јавни и комунални дејности и заштита на животната средина;
- Игор Филиповски-Директор на ЈКП Илинден;
- Сашо Саздовски-Директор на ЈКП Водовод-Илинден;
- Зоранчо Арсовски-Директор на СОСУ Илинден;
- Катерина Бојковска Јовчевска-Директор на ЈОУДГ Гоце Делчев;
- Александар  Георгиевски - Претседател на Совет на Општина Илинден;
- Ана Марија Циглењак Симоновска-Член на Совет на Општина Илинден;
- Гоце Трајчевски-Претставник на невладина организација „Призма“;
- Чедомир Павловски-Преседател на Месна заедница Илинден;
- Горан Максимовски- Преседател на Месна заедница Марино;
- Гордана Андреевска-Директор на МТМ телевизија;

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службен гласник на Општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Александар Георгиевски с.р.**

**Архивски број:07-2189/7**
**Датум на донесување: 23.11.2018г.**

## С О Д Р Ж И Н А

**1**.Решение за објавување на Одлука за утврдување на висина на надоместок за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден бр.08-2275/1 од 26.11.2018г

**2**. Одлука за утврдување на висина на надоместок за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинде бр.07-2189/3 од 23.11.2018г

**3.** Решение за објавување на Одлука за донесување на измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбан Блок 2 од Урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс Илинден Урбан блок 1,2,3 и 4 општина Илинден плански период 2016-2026 бр.08-2275/2 од 26.11.2018г

**4**. Одлука за донесување на измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Урбан Блок 2 од Урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс Илинден Урбан блок 1,2,3 и 4 општина Илинден плански период 2016-2026 бр.07-2189/4 од 23.11.2018г

**5**. Решение за објавување на Одлука за висина на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитен појас на локални патишта и улици во општина Илинден,за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас, за прекумерно користење на пат и вонреден превоз и за штета сторена на патот и објектите на патот бр.08-2275/3 од 26.11.2018г

**6.** Одлука за висина на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитен појас на локални патишта и улици во општина Илинден,за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас, за прекумерно користење на пат и вонреден превоз и за штета сторена на патот и објектите на патот бр.07-2189/5 од 23.11.2018г

**7**.Решение за објавување на Одлука за давање на користење на недвижна ствар- објект на ЈКП Илинден, ЈКП Водовод и Здружение на пензионерите “ Илинден “без надомест бр.08-2275/4 од 26.11.2018г

**8.** Одлука за давање на користење на недвижна ствар- објект на ЈКП Илинден, ЈКП Водовод и Здружение на пензионерите “ Илинден “без надомест бр.07-2189/6 од 23.11.2018г

**9.** Решение за објавување на Одлука за формирање на Локален Совет за превенција на Општина Илинден бр.08-2275/5 од 26.11.2018г

**10**. Одлука за формирање на Локален Совет за превенција на Општина Илинден бр.07-2189/6 од 23.11.2018г

.